**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ,** надлежен за регистарот на здруженија на граѓани и фондации, одлучувајќи во вон процесна постапка преку судијата поединец Злата Стамболиска, согласно член 11 од ЗВП а в.в. со член 43 и 45 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.весник на РМ бр.31/98) по пријавата за запишување во регистарот на здруженија на граѓани и фондции при овој суд на основање на Фондација Метаморфозис од Скопје, вон рочиште на ден 22.11.2004 год. го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под **Рег.бр. 1870** се запишува фондацијата **Фондација Метаморфозис, со скратено име Метаморфозис** , со седиште во Скопје ,**ул:" Наум Наумовски Борче " бр. 88-а.**

2. **Основни цели и задачи** на фондацијата се развој на демократијата и просперитетот, преку промоција на општество базирано на знаење, промоција на употребата на информациската и комуникациската технологија како средство за развој на отвореното општество.

- Фондацијата стекнува **својство на правно лице** и може да започне со работа **од 22.11.2004 година.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Горе наведената фондација во основање согласно член 44 од Законот за здруженија на граѓани и фондации до овој суд поднесе барање за запишување во регистарот на здруженија на граѓани и фондации и истовремено ги приложи следните писмени докази:

- Акт за основање на фондацијата од 25.10.2004 год.
- Програма за работа на фондацијата од 25.10.2004 год.
- Одлука за правен застапник на фондацијата од 25.10.2004 год.
- Статут на фондацијата од 25.10.2004 год.
-Уплатница на износ од 307.435,00 денари уплатена на ден 29.10.2004 година во АД Извозна и Кредитна Банка -Скопје.
- Копии од лични карти од основачот и членовите на УО.

Од целосниот преглед на писмените докази судот утврди дека основачи на фондацијата се Бардил Јашари, Горан Шлакески и Филип Стојановски , државјани на РМ .

Фондацијата вложува 307.435,00 денари на име основачки влог кои парични средства се донација на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија - Скопје.

Во иднина фондацијата ќе стекнува средства по основ на прилози, донации, подароци, завештанија и спонзорства.

При разгледување на актите на фондацијата, статутот и програмата, како и целта за која е основана фондацијата, судот утврди дека се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и Уставот на Р.Македонија.

Судот посебно внимание обрна на примената на член 3 и 4 и член 7 став 2 од ЗЗГФ и утврди дека горе наведените акти се во согласност со овие членови.

Судот водеше сметка за името на фондацијата која мора јасно да се разликува од имињата на другите здруженија на граѓани и фондации кои се запишани во регистарот на судот што е во согласност со член 10 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Со оглед на горе изложеното судот утврди дека се исполнети условите од член 32, 33, 35 и 37 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, па согласно член 45 од истиот Закон одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**
**Ф.број 183/04 од 22.11.2004 год.**

**С У Д И Ј А,**
ОРИГИНАЛОТ
Злата Стамбол[иска] с.р.

**Д.Н.** - На фондацијата
- Сл.весник на РМ

**НАЛОГ ЗА ТАКСА:** Се задолжува предлагачот на име судски такси да плати 1.200,00 денари за предлог и 2.500,00 ден. за одлука или вкупно 3.700,00 денари.

**THE BASIC COURT SKOPJE I SKOPJE**, in charge of the Registry of Citizens' Associations and Foundations, deciding in an extra judicial procedure, through the individual judge Zlata Stamboliska, in accordance with Article 11 of the LEP and concerning Articles 43 and 45 of the Law on Citizens' Associations and Foundations (Official Journal of the Republic of Macedonia No. 31/98) upon the application for entry in the registry of citizens' associations and foundations submitted to this court and related to the establishment of the Foundation Metamorfozis from Skopje, on 22.11.2004, adopted the present

# DECISION

1. The foundation **Fondacija Metamorfozis, with an abbreviated name Metamorfozis**, is hareby entered in the Registry of Citizens' Associations and Foundations under the **Reg. No. 1870**, seat in **Skopje, Naum Naumovski Borche St. No. 88-a**.
2. **The basic aims and tasks** of the foundation are development of democracy and prosperity through promotion of a knowledge-based society, promotion of the use of information and communication technology as a means for development of open societies.

The foundation hereby acquires the **capacity of a legal person** and may thus begin its activities **as of 22.11.2004**.

## Rationale

The above-mentioned foundation in process of establishment, according to Article 44 of the Law on Citizens' Associations and Foundations submitted to this Court a request for entry in the registry of Citizens' Associations and Foundations and simultaneously enclosed the following written proofs:

- Founding Act of the Foundation, dated 25.10.2004
- Working Programme of the Foundation, dated 25.20.2004
- Decision on the legal representative of the Foundation, dated 25.10.2004
- Statute of the Foundation, dated 25.10.2004
- Payment in the amount of 307.435,00 MKD, paid on 29.10.2004 in AD Izvozna i Kreditna Banka – Skopje.
- Copies of the ID cards of the founder and the members of the Administrative Board.

Taking into consideration the submitted written proof, the Court established that the founders of the Foundation are Bardil Jashari, Goran Shlakeski and Filip Stojanovski, citizens of the Republic of Macedonia.

The Foundation allocates 307.435,00 MKD as founding deposit, whereby the above-stated financial means are a donation of the Foundation Open Society Institute Macedonia – Skopje.

In future, the Foundation shall gain financial means through contributions, donations, gifts, inheritances and sponsorship.

Taking into consideration the acts of the Foundation, namely the Statute and the Programme, as well as the aims for which the Foundation itself was created, the court established that they are in accordance with the Law on Citizens' Associations and Foundations and the Constitution of the Republic of Macedonia.

The Court paid particular attention to the implementation of Articles 3 and 4 and Article 7 paragraph 2 of the Law on Citizens' Associations and Foundations and established that the above-mentioned acts are in accordance with these articles.

The court also paid particular attention to the name of the Foundation which must be clearly distinguishable from the names of other citizens' associations and foundations already entered in the Court Registry which is in accordance with Article 10 of the Law on Citizens' Associations and Foundations.

Taking into consideration the above explanation, the Court established that all the requirements mentioned in Articles 32, 33, 35 and 37 of the Law on Citizens' Associations and Foundations have been fulfilled, and thus, in accordance with Article 45 of the same Law decides as given in the present Decision.

BASIC COURT SKOPJE I SKOPJE
No. 183/04 as of 22.11.2004

JUDGE
Zlata Stamboliska, signed

Round wet seal of the Basic Court Skopje I Skopje
(True to the original)

Cc: Foundation
Official Journal of the Republic of Macedonia

FEE ORDER: The submitter shall pay court fees in an amount of 1200 MKD for the proposal and 2500 MKD for the Decision, i.e. a total of 3700 MKD.

---

Потврдувам дека правилно го извршив преводот од македонски на англиски јазик со својот печат и потпис.

In witness that the foregoing translation from Macedonian into English language is correct, I do affix my seal and signature.

Наташа Мечкароска
Овластен судски преведувач
Датум: 17.08.2006

Natasha Mechkaroska
Authorized court translator
Date: 17.08.2006